# Извадок на дел од дневните настани 22.04.2026

22/04/2026

Министерство за внатрешни работи

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ф.Т. од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 29.06.2025 во Куманово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што биле пронајдени и одземени марихуана и амфетамин.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР до надлежното ОЈО ГОКК против полицискиот службеник Д.М. од СВР Тетово поднесе кривична пријава за кривично дело „фалсификување службена исправа" по член 361 од КЗ. Пријавениот во текот на јуни 2019 година, постапувајќи по барање од адвокат од Тетово, изготвил службен спис за достапност на лице со невистинита содржина, без притоа да се извршат проверки за достапност на лицето на терен. На така изготвениот спис со невистинита содржина, со цел да го озваничи, го злоупотребил потписот на раководителот, вметнал несоодветен деловоднички број, го заверил со службен печат и така изготвен го предал на рака на адвокатот од Тетово, спротивно на утврдените процедури за канцелариско и архивско работење. Списот бил употребен во судска постапка при Основен суд Тетово каде бил евидентиран како доказ на штета на лице од Тетово.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против И.С.(49) од Крива Паланка поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда". На 27.03.2026 во семејната куќа, пријавениот физички го нападнал неговиот син.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против О.Л.(49) од Делчево и Н.Л.(38) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вонбрачен живот со дете" по член 197 став 2 од КЗ, против Н.П.(27) од струмичко село за сторено кривично дело „вонбрачен живот со дете" по член 197 став 1 и „силување на дете кое не наполнило 15 години" по член 188 став 1 од КЗ и против О.П.(49) од струмичко село за сторено кривично дело „вонбрачен живот со дете" по член 197 став 1 од КЗ. О.Л. и Н.Л. како родители дозволиле, во периодот од септември 2023 година нивна малолетна ќерка да живее во вонбрачна заедница со Н.П., при што таа родила и дете, а втората малолетна ќерка од март 2024 да живее во вонбрачна заедница со О.П..

На 21.04.2026 во 12:00 часот на подрачјето на Бит Пазар во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишија од слобода Е.У.А.(52) од Белгија, затоа што кај него е пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, ќе следува соодветен поднесок.

На 22.04.2026 на Граничен премин Блаце, полициски службеници го лишија од слобода Р.Л.(61) од Р.Косово, затоа што при гранична контрола, било констатирано дека во системот евидира со мерка „апси", по барање на Интерпол. Лицето е задржано за понатамошна постапка.

На 21.04.2026 во 10:50 часот од страна на патролен тим од полициски службеници од ПС ГПГН Меџитлија, во близина на граничен камен ГК-135, е пронајдена неексплодирана топовска граната од Првата светска војна со калибар од 75 мм. Од страна на пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување гранатата е безбедно подигната.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против Р.П.(67) од Свети Николе поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". На 24.03.2026 во атар на с.Црнилиште, на место викано „Дудин дол", пријавената запалила остатоци и суви гранки, при што настанал пожар, во кој биле зафатени земјоделски површини во сопственост на повеќе лица од Свети Николе.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Е.М.(41) од гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „загрозување на сигурноста" и „телесна повреда". На 17.04.2026 пријавениот на мобилен телефон испратил пораки со заканувачка содржина на 36-годишна жена, со која претходно бил во љубовна врска, додека на 18.04.2026 на паркинг простор во Гостивар ја нападнал со метален предмет.

На 21.04.2026 во 19:30 часот во СВР Скопје, Т.К.(53) од Скопје пријави дека околу 18:00 часот на подрачјето на Центар бил физички нападнат од Д.В.(48) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 21.04.2026 во 21:20 часот во СВР Скопје е пријавено дека на подрачјето на Карпош бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.Д.(19) и И.Д.(24), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 20.04.2026 во 16:56 часот во СВР Скопје, Б.Л.(79) од с.Арачиново, скопско, пријави дека во дворот од домот, тој и неговиот син А.Л.(51) биле физички нападнати од две лица, кои употребиле и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против А.М.(39) од с.Лабуништа, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „уништување или оштетување јавни инсталации". На 04.04.2026 на место викано „Караста" во с.Лабуништа, пријавениот, додека извршувал работни задачи со работна машина багер, скинал електричен кабел, сопственост на ЕВН Македонија.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Б.С.(28) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 07.02.2026 во Прилеп, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „опел", управувано од едно лице, при што била пронајдена и одземена марихуана, која ја купил од пријавениот.

На 21.04.2026 во 12:30 часот во ОВР Прилеп, осуденик од Казнено– поправната установа Затвор Прилеп пријави дека бил измамен од К.К. за сума од 890.000 денари. Според пријавеното, пред околу два месеци, К.К. го довел во заблуда дека ќе му помогне да му се намали затворската казна, а за возврат од него ги побарал и добил парите во неколку наврати. Но, откако сфатил дека бил измамен, настанот го пријавил во полиција. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.04.2026 во 11:30 часот во СВР Куманово, Е.Ц.(45) од Куманово, претседател на Велосипедската федерација, пријави дека од страна на неколку членови од федерацијата биле извршени кривични дела „ фалсификување службена исправа", „злоупотреба на службена положба и овластување" и „затајување". Според пријавеното, тие биле отповикани како членови на Управен одбор на федерацијата на седница одржана на 11.03.2026, а после тоа со неовластена употреба на печат на федерацијата, кој бил даден на користење од поранешниот секретар повеле иницијатива за свикување на собрание на Велосипедската федерација. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

← Претходно

Следно →



Информации

ул. Димче Мирчев бр. 9,
1000 Скопје, Република Северна Македонија

+389 (0)2 3 117 222

kontakt@moi.gov.mk



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

© 2026 Министерство за внатрешни работи. Сите права задржани.